ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **22.11.2021 година** во 12:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на Одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** Раководител на Одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски.** Советник-Одговорен сметководител **Марија Златановска,** **Валентина Велевска** -ЈП Комуналец, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Сашко Митовски го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар</u>**

Од страна на Секретарот на општината Љубомир Младенов беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

- До петок (26.11.2021г) да се одржи состанок со работна група за изготвување Правилник за доделување социјална помош на загрозени семејства и лица по ризик по нивно барање.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Советниокт Марија Златановска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се проверат непродуктивните трошоци и да се предложи нивно укинување или средствата да бидат пренаменети.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во врска со реализацијата на проектите преку ТАВ Програмата беше истакнато дека за одредени проблеми ќе биде одржан состанок со консултантите на ТАВ од ГИМ.

-Од страна на раководителот изготвен е ажурирран список (табела) на проекти со кои располага општина Крива Паланка и кои во иднина зависно од повиците и програмите за апликација треба да се докомплетираат до одобрение за градење.

-Во врска со барања од граѓани и месни заедници за помош во градежен материјал беше истакнато дека треба да се одобрува само кога тоа е оправдано и е од итен карактер или е обезбедена минимална документација и согласности.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководител на Одд. за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Решавање на сите заостанати предмети за легализација.

-Да се организира состанок оваа недела со такси превозниците и да се разгледаат нивните барања.

-Да се разгледа можноста за сообраќаен проект за зонско паркирање.

-Во врска со постапката за пренамената на неколку локални во регионални патни правци на територија на општина Крива Паланка беше истакнато дека е поднесена иницијатива до надлежните институции.

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дефинира Програмата за култура како и другите програми на одделението и подготват за седница на совет.

-Да се разгледа и утврди можноста за Новогодишна програма.

-Да се пуштат писма до општествено одговорни фирми и амбасади за донација на детски игралишта и урбана опрема.

-Да се види со СИПР за состојбата за аплицираните проекти за стара вада 2,втор дел и тротоарите.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

-Од страна на Раководителот Даниела Велковска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се разгледа можноста сите запуштени објекти кои се во сопственост на општината а се наоѓаат на повеќе локации на кој начин можат да се дадат на користење на потенцијален инвеститор а за кое е потребно да се изготви проценка од овластен проценител.

-Може да се отпочне со постапката за уредување на локацијата во с.Конопница за одлагање на интерен отпад од општината согласно општинските планови за управување со отпад а со цел донесување на УПВНМ за депонија за градежен отпад.

-Постапка за отпочнување за формирање на Совет на млади.

-Службените возила да се користат по потреба и да се знае истата.

-Да се разгледа можноста што и како е потребно за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за поставување на челична катна гаража.

-Да се разгледа можноста за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за Градски базен со претходно донесена одлука на совет на општина.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се организира и спроведе практичниот испит за кандидати за испектори.

-Да се биде во контакт со ЈП Комуналец околу обврските кои што се во делот на организација и контрола на произлезените задачи од колегиум.

-Да се направи согледување на состојбата за приклучок на индивидуалните стамбени објекти на изградени фекални канализации.

-Редарската служба да врши контрола на состојбата на собирање на отпадот и отстранувањето на огревните дрвја на јавните површини.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на Валентина Велеска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се организира чистење на речното корито на Крива река во рамки на регулацијата и тоа чистење на отпадот и отстранување на земјените наноси во мињор коритото.

-Да се направи реорганизација на услугите кои се даваат на граѓаните.

-Да се спроведе уредување на просторот на складот во с.Конопница.

-Да ги подобри хигиенските услови во и околу спортската сала.

-Да се отпочне со уредување на речното регулационо корито на деловите каде е изградено мињор коритото односно порамнување на теренот и затревување.

-Да се организира акција за чистење на селските гробишта.

-Да се спроведе разместување на дел од куќичките од зелениот пазар на локации утврдени од страна на одделението за урбанизам .

-Да се организира спроведување  општо корисна работа и вршење на јавни работи со лица кои имаат неплатено сметки во договор со управниот одбор на фирмата..

-Да се организира подобро зимското одржување на јавните површини, формирање на екипи и препорака за можно вклучување на подизведувачи како дополнителни извршувачи во случај на поголеми падови од снег.

-Да се разгледа можноста за измена на уличните коцкасти жардинери на главната улица односно нивно спуштање на тротоарската површина.

-Да се разгледаат детално Програмите за јавна чистота и за зеленило и да се предвидат сите потребни активности за наредната година.

-Да се исконтролираат сите метални контејнери добиени со проектот за регионална депонија и во случај на недостатоци и проблеми да се извести давателот на истите.

-Да се преземат мерки за контрола на водата и подобрување на нејзиниот квалитет во руралната населба Конопница.

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Да се направи работен состанок на одделенијата за изготвување на Стратегија за ЛЕР со дадени предлози, сугестии и активности и истите да се достават до консултантот.

- Седница на совет да биде одржана на 03.12.2021 година, достава на материјал до 25.12.2021 година и Биљана Тасевска да направи координација со Претседателот на советот на 26.12.2021година .

-Да се разгледа можноста за сите спремни проекти околу процесот на поднесување и документација  за наредна година.

-Годишните програми од страна на одделенијата да бидат доставени до одделение за финансиски прашања.

-Да се направи анализа околу организацијата на настан и договорени услуги и плаќање на истите.

**22.11.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**